**20151494217**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за нуспроизводи од животинско потекло,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08- 3891/1
26 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Член 1

Во Законот за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ број 113/2007 и 144/14), во членот 24 ставот (4) се менува и гласи:

„4) Против решението на инспекторот од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.“

Член 2

Во членот 25 ставот (3) се менува и гласи:

„Против решението на инспекторот од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.“

Член 3

Во членот 29 став (1) во воведната реченица зборовите: „3.000 до“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот (1) на овој член“.

Член 4

По членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

„Член 31-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.“

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за нуспроизводи од животинско потекло.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.